**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 04-385/1
30.9.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021) и Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-360/2-VIII-4 од 30.9.2024 год., Деканот на Факултетот распишува интерен

# О Г Л А С
## за избор на демонстратори за учебната 2024/2025 година

**I.** Се распишува интерен оглас за избор на три (3) демонстратори од редот на студентите, како помошници во наставно-образовниот процес, а за потребите на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје за следните катедри и предмети:

- **<u>Примарна преработка на дрвото,</u>** 1 извршител по следните предмети:

**Зимски семестар**
- Хидротермичка обработка на дрвото - 2 часа неделно
- Пластификација на дрвото – 2 часа неделно
- Материјали од дрво – 2 часа неделно

**Летен семестар**
- Пиланска технологија на дрвото - 2 часа неделно
- 3Д Графика-2 часа неделно
- Хемиска преработка на дрвото – 2 часа неделно.

- **<u>Машини, енергетика и транспорт,</u>** 1 извршител по следните предмети:

**Зимски семестар**
- Машини со енергетика - 2 часа неделно;
- Машини и транспорт - 2 часа неделно;
- Теорија на режење на дрвото - 2 часа неделно;
- Инженерска графика - 2 часа неделно.

**Летен семестар**
- Внатрешен транспорт - 2 часа неделно;
- Нумеричко управување на машини - 2 часа неделно.

- **<u>Економика и организација на дрвната индустрија,</u>** 1 извршител по следните предмети:

**Зимски семестар**
- Маркетинг - 2 часа неделно.

**Летен семестар**
- Економика - 2 часа неделно
- Организација на производството - 2 часа неделно.

II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се студенти на втор или трет циклус студии по можност од соодветната студиска програма со просечен успех на студиите од минимум 8,00 (осум);
- активно да се служат со англискиот јазик;
- да имаат способност за работа и за комуникација со студенти.

III. Кандидатите треба да достават:

- Пријава
- докази за исполнетост на горенаведените услови од огласот (точка II, алинеја 1 и 2)
- кратка биографија.

Документите се предаваат во архивата на Факултетот, најдоцна до 8.10.2024 год. (вторник).

Декан

Проф. д-р Ѓорги Груевски